**20.4.2022**

**.**



.

Под координација на градоначалникот Никола Најдовски, денес се организираше хуманитарна активност, а во пресрет на големиот христијански празник, Велигден. Т радиционално, хуманитарната активност се спроведува од собраните финансиски средства од хуманитарниот меѓуинституционален турнир во мал фудбал под покровителство на општината и градоначалникот, седми по ред оваа година.

Претставници од натпреварувачките екипи од јавни претпријатија и установи кои учествуваа на овогодинешниот турнир со уплатен утврден износ на партиципација, заедно со преставници од општината се мобилизираа, подготвија и дистрибуираа социјални пакети со храна - прехранбени производи, а кои се наменети за најранливи домаќинства во населените места во општината.

.

